


# КАРПОШ
## неделен
## Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 14-17 март 2025 Билтен бр. 589**

# ПРОВЕРКА НА ХИДРАНТСКАТА МРЕЖА ВО ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ ВО КАРПОШ

**На иницијатива на Општина Карпош, Одделението за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра во соработка со лиценцираната фирма „Хелиум“ – ДООЕЛ, спроведува акција за испитување на исправноста, протокот и притисокот на хидрантската мрежа, во рамки на сите основни училишта, детски градинки и останати објекти кои се под надлежност на локалната самоуправа.**

**Овие активности се преземаат во насока на зголемување на нивото на безбедност од пожар, како превентивна мерка за контрола и увид во фактичката состојба со објектите во кои учат и престојуваат помладата генерација карпошани. За таа цел, само пред неколку месеци со одлука на Советот, Општината ги удвои финансиските средства од Програмата за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра, кои сега изнесуваат 4.080.000 денари.**
**Дополнителните средства се наменети за изработка на проценка на ризик, како и за ангажирање на стручно лице во насока на спроведување на мерките на Законот за безбедност и здравје при работа. Оттука, со паричните средства се набавени околу 170 нови противпожарни апарати за сите основни училишта и детски градинки на територија на Карпош, а во процедура е и поставување на нова хидрантска мрежа во ООУ „Војдан Чернодрински“.**



# ЈУБИЛЕЈНО ПРИЗНАНИЕ ЗА ОПШТИНА КАРПОШ ОД ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РСМ

**Делегација од Општина Карпош предводена од градоначалникот Стевчо Јакимовски, присуствуваше на свеченоста по повод одбележување на 80 годишнината од основањето на Црвениот крст на РСМ, која се одржа вчеравечер во Музејот на македонската борба за самостојност. Во рамки на манифестацијата, градоначалникот Јакимовски во име на локалната самоуправа прими јубилејна плакета, за посебен придонес на Општината во остварување на целите и задачите на Црвениот крст на РСМ.**

**Во оваа пригода, првиот човек на локалната самоуправа им ја честиташе осумдецениската работа на оваа национална организација, при што им посака остварување на уште многу успешни проектни активности.**

**Чест ми е да бидам дел од одбележувањето на овој јубилеј, а од друга страна сум среќен што токму Општина Карпош го добива ова значајно признание, кое што е доказ за нашата долгогодишна заедничка поддршка и соработка. Во таа насока Општината како општествено одговорна институција, изгради традиција на одржување на крводарителски акции уште од 2004 година, и е една од водечките локални самоуправи по број на донирани крвни единици. Фактот што нашата општина е изградена како резултат на меѓународна солидарна помош, ни беше силен мотив низ годините да организираме бројни хуманитарни настани за поддршка и помош на нашите соседи кои се наоѓаат во потешка материјална состојба – посочи Јакимовски.**

**Тој пред присутните напомена дека Општина Карпош организираше помош и во периодот на ковид-пандемијата, како и за време на природните непогоди кои ја зафатија нашата држава и земјите од регионов.**



# АКЦИЈАТА ЗА ПОДИГАЊЕ ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА ПРОДОЛЖУВА И ВО НАСЕЛБАТА КОЗЛЕ

**Во текот на денешниот ден продолжи акцијата за подигање на на стари отпадни ( хаварисани) возила согласно Закон за управување со дополнителни текови на отпад, во соработка со Колективниот постапувач со кој Општина Карпош има склучено договор за соработка.**

**Подигњето се изврши на територија на УЗ КЈП и ПБК на возила без регистарски таблички кај кои рокот од 10 дена од залепена налепница за дислокација на истото е изминат.**
**Повторно АПЕЛИРАМЕ до сите граѓани кои поседуваат таков тип на возило и на кое веќе е залепена налепница и е спроведена инспекциска постапка од страна на инспекциските служби, да ги отстранат своите возила, во спротивно истите ќе бидат остранети на нивен трошок. Возилата ќе бидат транспортирани во собирен центар – депо, каде што ќе бидат оставени 7 дена а потоа ќе бидат однесени на рециклирање.**
**Акцијата продолжува до конечно подигање на сите отпадни возила на територија на Општина Карпош.**



## ЗАЕДНО ДА ПОМОГНЕМЕ НА СЕМЕЈСТВАТА НА НАСТРАДАНИТЕ ВО ПОЖАРОТ ВО КОЧАНИ

**Општина Карпош и Црвениот крст на РСМ при општинската организација Карпош, ги повикува сите добронамерни граѓани да ја покажат својата хуманост и солидарност, обезбедувајќи помош за семејствата кои ги загубија своите најблиски во катастрофалниот пожар во Кочани.**

**Оттука, ве известуваме дека постојат неколку начини за да ја упатите вашата помош и поддршка до оние на кои им е најпотребна, а тоа можете да го сторите преку уплата на:**
**Сметка на Фондот на солидарноста на Црвениот крст на РСМ: 300000001327966, даночен број: 4030984271620 АД Комерцијална банка со назнака: помош за настраданите граѓани во пожарот во Кочани.**
**Исто така, можеме да помогнеме и преку донациите со повик на телефонските броеви 143 400 на Македонски телеком и А1 Македонија (со донација од 100 денари од телефонски повик).**
**Хуманите граѓани можат да донираат и средства во странска валута:**
**NAME OF THE ORGANIZATION: MACEDONIAN RED CROSS**
**BANK NAME: KOMERCIJALNA BANKA AD SKOPJE**
**BANK ADDRESS: UL. ORCE NIKOLOV NO.3, 1000 SKOPJE, MACEDONIA**
**BANK ACCOUNT: 300000000000133 25730522-11**
**SWIFT CODE: KOBSMK2X**
**IBAN CODE: MK07300701000001228**
**Во оваа насока ја известуваме јавноста дека се отворени и наменски телефонски линии за прва психолошка помош на броевите 071/338-081 во Кочани, 074/203-030 во Штип и 072/271-048 во Скопје кои ќе бидат деноноќно во функција.**
**Од името на Општина Карпош и нејзините жители, сакаме уште еднаш да изразиме длабоко сочувство до семејствата на настраданите граѓани, во синоќешната стравична несреќа која се случи во Кочани, а на повредените им посакуваме брзо опоравување.**



# ОПШТИНАТА СУБВЕНЦИОНИРА КУПУВАЊЕ НА НОВИ ВЕЛОСИПЕДИ И ЕЛЕКТРИЧНИ ТРОТИНЕТИ

**Започнувајќи од денеска, понеделник (17.03.2025 година), локалната самоуправа стартува со акцијата за субвенционирање за купување на нови велосипеди и електрични тротинети, наменета за жителите на општина Карпош. Во таа насока, Општината од својот буџет одвои финансиски средства во висина од 850.000 денари, а акцијата ќе трае до исцрпување на средствата функционирајќи според принципот „прв дојден, прв услужен“.**

**Притоа, се предвидува субвенционирање до 30% од цената на купување на нов велосипед, или во максимален паричен износ најмногу до 4.500 денари, додека пак за купување на нов електричен тротинет, Општина Карпош ќе субвенционира до 30% од цената, односно најмногу до 6.000 денари. Право на субвенционирање во оваа акција ќе има секој полнолетен жител на општина Карпош, кој ќе купи нов велосипед или електричен тротинет започнувајќи од 17.03.2025 година (понеделник).**

**Повеќе информации на нашата веб страница**



# СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ ЌЕ СПРОВЕДЕ НОВА АКЦИЈА ЗА ПРОВЕРКА НА ХИДРАНТСКАТА МРЕЖА ВО ЗГРАДИТЕ ВО КАРПОШ

**Општина Карпош, преку Сектор Инспекторат – Општински инспектор за домување, во соработка со Одделението за заштита и спасување, во текот на 2022 година има испратено Барање податоци до скоро сите колективни станбени згради , со кое се бараше во рок од 15 дена, Заедниците на сопственици како и управителите да достават податоци за**

**Дали во зградата постои хидрантска мрежа – хидранти**
**Доколку постои, дали истата е исправна**
**Дали поседуваат хидрантски црева**
**Дали поседуваат противпожарни апарати и да се провери исправноста на истите**
**Дали во зградата има сопственици на посебни делови – станови и деловни објекти, кои поседуваат противпожарни апарати и колку се на број**
**Дали и колку станари знаат да ракуваат со противпожарни апарати**

**Поради трагичниот настан кој се случи во Кочани пред само три дена, Сектор Инспекторат ќе спроведе нова обновена акција во која ќе бидат проверени сите погоре наведени барања и ќе ги обнови податоците кои ги поседува.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ сите Заедници на сопственици на територија на Општина Карпош, во рок од 7 дена од денот на оваа објава да го известат Општинскиот инспектор за домување, писмено преку архива, со одговор на погоре поставените прашања. Исто така, СЕ ЗАДОЛЖУВА секој станар или Претседател на Заедница на сопственици кој ќе воочи дека излезот од вантрешна страна до противпожарните скали е блокиран со било каква препрека или мебел, или пак е узурпиран со врата или градба, да го пријави тоа до Општинскиот инспектор за домување, за да се пристапи кон расчистување на излезните врати кон противпожарните скали. Истото се однесува и на надворешно блокирање на противпожарните скали.**

**За зградите кои имаат Управител, до секој управител ќе биде испратен маил со бараните податоци и ќе биде задолжен со рок да достави податоци за сите колективни станбени згради кои ги управува.**

**За проверката на деловните објекти, ќе се спроведе посебна акција од повеќе инспектори.**

# ИНСПЕКЦИСКИ КОНТРОЛИ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ ВО КАРПОШ

**Сектор Инспекторат упаќа јавен апел до сите сопственици на локали кои вршат угостителска дејност – подготовка за послужување на храна и пијалоци и кафе барови , дека од вчера почна заедничка проширена контрола на инспекторите од сектор инспекторат, која последен пат се спроведе во 2024 година, и од таа причина должни сте да на лице место имате спремно фотокопии од**

**Одобрение за вршење дејност**
**Одобрение за поставување урбана опрема**
**Елаборат за поставување на урбана опрема**
**Тековна состојба**
**Имотен лист за деловен објект**
**Елаборат за заштита на животната средина**
**Елаборат за заштита од пожари и доказ дека истиот е спроведен на лице место**
**Лична карта на одговорно лице**
**Телефонски број и лице за контакт**
**Службен емаил**

**Овие документи треба да Ви бидат подготвени и да ги поседувате во локалот за да ги приложите на иснпекторите при вршење на надзорот. Истите треба да бидат во фотокопија за потребите на инспекциската постапка.**

**За сите констатирани неправилности инспекторите ќе издадат Решение за отстранување на недостатоци кои ќе треба да бидат отстранети во рок од 8 дена, како  и прекршочен платен налог.**

**Контролата ќе се одвива врз повеќе од 100 локали.**

# ЌЕ СЕ ИЗВРШАТ ИНЖЕНЕРСКИ АНАЛИЗИ ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА НАДВОЗНИКОТ„ВЛАЈКО“

**Почитувани,**

**Ве информираме, дека согласно годишната програма за работа за 2025 година, пред повеќе од еден месец е објавен јавен оглас за ангажирање на компанија која ќе изврши инженерски анализи.**

**Инженерските анализи предвидуваат статистички пресметки и симулација на напрегања, визуелна, мерна и недеструктивна метода на испитување, утврдување на модел на напрегања и деформации, а фирмата исто така треба да изработи план за евентуална санација на челичниот мост „Влајко“, согласно дадените карактеристики од техничката спецификација.**

**Во меѓувреме, по јавниот повик избрана е фирмата ТСГ ИНДУСТРИ СЕРВИЦЕ ДОО –Скопје, која ќе го врши испитувањето и потпишан е договор со истата во вредност од 400.000 денари со ДДВ. Испитувањата треба да почнат деновиве.**

**Со почит,**